ОПШТИНА ШТИП

МОЅ СЕРТИФИКАТ ISO 9001:2008

*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Бр. 18-6638/4*
*14.11.2023*
*Ш т и п*

Врз основа на член 29, член 38 и член 50 од законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20), градоначалникот на Општина Штип донесе:

ОДЛУКА

За организирање на јавна анкета и јавна презентација на изготвен ДУП за Урбана четврт ЦЕ блок 03 од ГУП за град Штип, КО Штип 1, КО Штип 3, КО Штип 5, Општина Штип

Член 1

Со оваа одлука се организира јавна анкета и јавна презентација на ДУП за Урбана четврт ЦЕ блок 03 од ГУП за град Штип, КО Штип 1, КО Штип 3, КО Штип 5, Општина Штип (плански период 2023-2028) Нацрт план.

Член 2

Соопштението за организирање на јавна анкета и јавна презентација ќе биде објавено на веб страната на Општина Штип и во информацискиот систем на е урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип

Член 3

Јавната анкета и јавната презентација ДУП за Урбана четврт ЦЕ блок 03 од ГУП за град Штип, КО Штип 1, КО Штип 3, КО Штип 5, Општина Штип (плански период 2023-2028) ќе се спроведе со излагање на Нацрт планот во информацискиот систем на е урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип

ЈАВНАТА АНКЕТА ќе трае 35 работни дена од денот на објавувањето на Соопштението (11 Декември 2023 год-Понеделник) и тоа од 12 Декември 2023 год (Вторник) и истиот ќе трае до 01 Февруари 2024 год (Четврток), а јавната презентација со

*ОпштинаШтипул. „Васил Главинов" бр. 4Б, 2000 Штип, Република Северна Македонија*
*Тел: (032) 22 66 00 Факс: (032) 22 66 01*
*Вебстрана: www.stip.gov.mk е-пошта: gradonacalnik@stip.gov.mk*

CS CamScanner

…ручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 17 Јануари 2024 (Среда), во 11:00 часот во просториите на Сала 2 на Општина Штип.

Член 4

Целокупната документацијата на горенаведениот план ќе биде изложена на јавно место, во информацискиот систен на е урбанизам и во просториите на Одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животната средина на Општина Штип

Член 5

Заинтерисаните граѓани и правни лица можат да да ги доставаат своите забелешки по однос на горенаведената планска документација во електронска форма преку информацискиот систем на е урбанизам или во писмена форма преку архива најдоцна од 15 дена од одржувањето на јавната презентација. Забелешките ќе бидат составен дел од записникот од одржаната јавна презентација, врз основ на кој се изготвува извештајот од стручната комисија формирана од донесувачот на планот.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување.

**ОПШТИНА ШТИП**
Градоначалник
Иван Јорданов



CamScanner